РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавно Претпријатие за Државни патишта
Бр. 02-2394/6
12-03-2015
Скопје

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на Република Македонија бр 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14 , 43/14, 130/14 и 180/14), член 20 точка 14 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 09/2013) Управниот одбор донесе:

# ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2015 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

1. Годишниот план за јавните набавки за 2015 година број 02-227/7 од 13.01.2015 година се менува и дополнува во следните точки:

**13. Набавка на дизел гориво за агрегати се менува во називот и гласи:**

**Набавка на гориво за службени возила и гориво за агрегати**

Очекуваниот почеток на постапката се поместува од август во март, видот на постапката од Прибирање на понуди со објавување на оглас се менува со Отворена постапка и проценетата вредност на договорот се зголемува од 300.000 денари без ДДВ на 2.500.000 денари без ДДВ. Износот на ДДВ од 54.000 денари се зголемува на 450.000 денари и износот вкупно со ДДВ од 354.000 денари се зголемува на 2.950.000 денари.

**46. Сертификација по МК ЕН ИСО 9001:2008 стандарди се менува во називот и гласи:**

**Сертификација на систем за управување со квалитет согласно ISO 9001 стандард**

Очекуваниот почеток на постапката се поместува од јануари во март, видот на постапката Отворена постапка се менува во Прибирање на понуди со објавување на оглас и проценетата вредност на договорот се намалува од 1,500,000 денари без ДДВ на 300,000 денари без ДДВ. Износот на ДДВ од 270.000 денари се намалува на 54.000 денари и износот вкупно со ДДВ од 1.770.000 денари се намалува на 354.000 денари.

**62. Надзор на државен пат А1, делница Градско – Прилеп се менува во називот и гласи:**

**Надзор на државен пат А1, Градско – Прилеп, делница Фаришка и Дреновска клисура**

Односно во Годишниот план за јавните набавки во 2015 година со број 02-227/7 од 13.01.2015 година, горенаведените јавни набавки се менуваат и изменетиот план гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот без ДДВ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Набавка на гориво за службени возила и гориво за агрегати | март | Отворена постапка | 2,500,000 ден. | 450,000 ден. | 2,950,000 ден. |
| 46 | Сертификација на систем за управување со квалитет согласно ISO 9001 стандард | март | Прибирање на понуди со објавување на оглас | 300,000 ден. | 54,000 ден. | 354,000 ден. |
| 62 | Надзор на државен пат А1, Градско – Прилеп, делница Фаришка и Дреновска клисура | март | Отворена постапка | 55,000,000 ден. | 9,900,000 ден. | 64,900,000 ден. |

2. Во останатиот дел Годишниот план за јавните набавки за 2015 година број 02-227/7 од 13.01.2015 година останува непроменет.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Измената на планот во точка 13 се врши со цел да се овозможи плаќање на горивото за службените возила по пат на картички за секое возило поединечно и кои ќе гласат на име на вработениот кој управува со возилото. На тој начин ќе се воведе поголема контрола и поефикасно искористување на средствата. Финансиските средства се обезбедени од Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2015 година, дел II точка 1 (трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар), истите и досега биле предвидени, со таа разлика што горивото за службените возила ќе се набавува во постапка за јавна набавка.

Измената во точка 46 се врши по спроведено истражување на пазарот по што е утврдено дека за спроведување на набавката се потребни помалку средства.

Измената во точка 62 се врши со цел да се прецизира точната делница за која ќе се вршат услугите за надзор, со оглед на фактот дека работите на патниот правец ќе се одвиваат на делници и ќе бидат финансирани од различни извори.

Претседател на Управен одбор

Сања Минкова